**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумнаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11.49 часот, откако во 11,34 часот претседателот објави: "Седницата ќе започне во 11,50 часот по барање на координаторот на пратеничката група на СДСМ".

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фадил Сулејмани, Даут Рецепи, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Садула Дураку, Ѓорѓи Оровчанец, Љубчо Георгиевски, Фијат Цановски, Славица Грковска, Абдулади Вејсели и Лазар Китановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, за гласале 71 пратеник, воздржани 12 пратеници, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за полиција.

Ја затворам денешната седница, а продолжението го закажувам за среда во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина во 11,52 часот).